Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 02-589/21
23-06-2025 год.-vit
Скопје-Shkup

Врз основа на член 17 и член 20 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/2024, 224/2024 и 3/2025), член 45 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија"бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) и член 19 став (2) од Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.02-1495/3 од 27.12.2024г.), а согласно конечната Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција по Јавен оглас бр.208/2025, Агенцијата за цивилно воздухопловство донесува:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

1. За извршител на работи и работни задачи на работното место со шифра АЦВ0101В04019 – Помлад соработник за тренинг, едукација и проекти во Одделение за тренинг и едукација се избира кандидатот **Благица Цветановска.**
2. Оваа Одлука ќе се достави до избраниот кандидат и ќе биде објавена на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.
3. Именуваниот кандидат ќе стапи во работен однос по конечноста на оваа Одлука.

## Образложение

Врз основа на објавениот Јавен оглас бр.208/2025 за вработување на административни службеници, објавен на 30.04.2025 година во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха, за работното место со шифра АЦВ0101В04019 – Помлад соработник за тренинг, едукација и проекти во Одделение за тренинг и едукација, формирана е Комисија за селекција која ја спроведе постапката за вработување.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, Комисијата за селекција изготви конечна ранг листа на кандидати и достави до директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство Предлог за вработување на кандидати (бр.10-828/10 од 18.06.2025г.) примено во Архива во Агенцијата за цивилно воздухопловство под бр.02-589/20 од 19.06.2025г.

Директорот по разгледување на доставената конечна ранг листа од  Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.208/2025 од Комисијата за селекција за вработување, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат  има право на  жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на веб-страницата и на Огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
- Агенција за администрација
- именуваниот
- досие
- архива

Изготвил:Луиза Абдула

**Јане Ангеловски**
Советник на директорот за правни прашања
(по Овластување бр.02-838/2 од 13.06.2025г.)